**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА -
- MINISTRIA PËR ÇËSHTJE EVROPIANE-

26.06.2025

**Архивски број:** 11-175/185

**ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА СЕЛЕКЦИЈА И ИЗБОР НА НАЦИОНАЛНИ НАДВОРЕШНИ КОНТРОЛОРИ ОД ПРВО НИВО ЗА ВРШЕЊЕ КОНТРОЛА НА ПРОЕКТИТЕ ОД ИНТЕРЕГ ПРОГРАМИТЕ КО-ФИНАНСИРАНИ ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2027 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| **Позиција:** | Надворешен експерт - национален контролор (во понатамошниот текст контролор) |
| **Локација на активностите:** | Република Северна Македонија |
| **Организација:** | Министерство за европски прашања за потребите на програмите за територијална соработка Интерег ИПА АДРИОН, Интерег Еуро-МЕД, Интерег УРБАКТ IV и Интерег Европа ко-финансирани од Европската унија за периодот 2021-2027 год. [1] |
| **Времетраење на ангажманот:** | До крајот на тековниот програмски период 2021-2027 год. |
| **Почеток на ангажманот:** | 01.08.2025 год. (индикативно) |
| **Краен рок за пријавување:** | 8 (осум) календарски денови сметано од денот на објавување на огласот |

1. ВОВЕД

Министерството за европски прашања во улога на Национално тело одговорно за спроведување на програмите за територијална соработка Интерег ИПА АДРИОН, Интерег Еуро-МЕД, Интерег УРБАКТ IV и Интерег Европа, ко-финансирани од

[1] Листата на контролори ќе биде валидна и за други Интерег програми во кои земјата потенцијално ќе пристапи во програмскиот период 2021-2027 год., управувани од страна на Министерството за европски прашања.


**Влада на Република Северна Македонија**
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Министерство за европски прашања**
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3,
Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3
Shkup
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3200104
www.sep.gov.mk

Европската унија за периодот 2021-2027 год. објавува повик за изразување на интерес за селекција и избор на национални надворешни контролори од прво ниво за вршење контрола на проектите од наведените Интерег програми.

Избраните контролори ќе бидат дел од системот на контрола на прво ниво на проектите кои што проектните партнери ги спроведуваат на територијата на Република Северна Македонија во рамките на Интерег ИПА АДРИОН, Интерег Еуро-МЕД, Интерег УРБАКТ IV и Интерег Европа програмите, што е обврска пропишана во чл.46 од Регулативата (ЕУ) 2021/1059 на Европскиот парламент и на Советот од 24 јуни 2021 год. за специфичните одредби за целите за Европската територијална соработка (Интерег) поддржани од Европскиот фонд за регионален развој и инструментите за надворешно финансирање[2].

## 2. ЦЕЛ НА АНГАЖМАНОТ

Пред поднесување на извештаите за напредок до заедничкиот секретаријат на секоја од програмите, трошоците направени од страна на проектните партнери во периодот на известување мора да бидат проверени и потврдени од страна на независен контролор.

Согласно чл.46 од Регулативата (ЕУ) 2021/1059, процесот на проверка и потврда го спроведува квалификуван контролор на прво ниво, со цел да се потврди дали трошоците направени при спроведување на проектот се усогласени со релевантните ЕУ, национални, регионални, институционални и програмски правила, како и со одредбите на договорот за субвенционирање и одобрената проектна апликација.

Главната улога на контролорот е да се обезбеди гаранција за телото за управување и телото за сметководство на секоја од програмите и, што е најважно, за самиот проект, дека трошоците ко-финансирани во рамки на Интерег програмите се евидентирани и прифатливи.

## 3. ОПФАТ НА АНГАЖМАНОТ

Задачата на контролорот е да утврди дали трошоците пријавени од проектните

[2] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32021R1059


Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Министерство за европски прашања
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3200104
www.sep.gov.mk

партнери во секој извештај за напредок ги исполнува следните услови:

- Трошоците се прифатливи, направени и платени;
- Запазени се и следени условите на програмата, одобрената апликација и договорот за субвенционирање;
- Фактурите и плаќањата се правилно евидентирани и поддржани со доволно докази;
- Поврзаните активности, набавките и услугите доделени на под-изведувач се во тек или се испорачани или извршени;
- Испочитувани се правилата на Унијата, особено во однос на информирање и видливост, јавни набавки, државна помош, еднакви можности и заштита на животната средина.

Контролорот треба да биде во можност да следи целосна ревизорска трага на трошоците декларирани од проектниот партнер. Ова подразбира постоење на сеопфатен сет на документи со кои што се утврдува целосната историја на проектот, како и доказите за примена на соодветни процедури и постигнување на поставените цели. Оттаму, контролорот треба да биде во можност да ги следи трошоците побарувани од проектната апликација, преку јавните набавки и сметководствените документи до уплатата од банкарската сметка на партнерот.

Дополнително, контролорот има обврска да изврши најмалку една проверка на терен во текот на времетраењето на проектот.

За да може да ја потврди усогласеноста со одредбите утврдени во регулативите и директивите на ЕУ, контролорот треба да биде запознаен со содржината на следните документи:

- Регулатива (ЕУ) 2021/1060 на Европскиот парламент и на Советот од 24 јуни 2021 год. со кои се утврдуваат заедничките одредби за Европскиот фонд за регионален развој, Европскиот социјален фонд плус, Кохезискиот фонд, Фондот за правична транзиција и Европскиот фонд за поморство, рибарство и аквакултура и финансиски правила за истите и за Фондот за азил, миграција и интеграција, Фондот за внатрешна безбедност и Инструментот за финансиска поддршка за гранично управување и визна политика;
- Регулатива (ЕУ) 2021/1058 на Европскиот парламент и на Советот од 24 јуни


**Влада на Република Северна Македонија**
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Министерство за европски прашања**
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3,
Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3
Shkup
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3200104
www.sep.gov.mk

2021 год. за Европскиот фонд за регионален развој и за Кохезискиот фонд;

- Регулативата (ЕУ) 2021/1059 на Европскиот парламент и на Советот од 24 јуни 2021 год. за специфичните одредби за целите за Европската територијална соработка (Интерег) поддржани од Европскиот фонд за регионален развој и инструментите за надворешно финансирање;
- Законот за ратификација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош ( ИПА III ) (Службен весник на РСМ, бр. 235 од 4.11.2022 година);
- Регулативата (ЕУ) 2021/1529 на Европскиот парламент и на Советот од 15 септември 2021 година со која се основа Инструментот за претпристапна помош (ИПА III);
- ПРАГ правилата на Европската комисија;
- Упатството за избегнување и управување со конфликти на интереси во согласност со Финансиската регулатива 2021/C 121/01 C/2021/2119;
- Програмските документи на Интерег ИПА АДРИОН, Интерег Еуро-МЕД, Интерег УРБАКТ IV и Интерег Европа програмите;
- Финансиските спогодби за Интерег ИПА АДРИОН, Интерег Еуро-МЕД, Интерег УРБАКТ IV и Интерег Европа програмите склучени меѓу Министерството за европски прашања и Европската комисија;
- Проектните апликации на одобрените проекти;
- Договорот за субвенционирање;
- Договорот за партнерство; како и
- П р о ц е д у р ата за планирање, отпочнување и спроведување на постапката за избор на надворешен контролор во системот за контрола од прво ниво на проектите од Интерег програмите ко-финансирани од европската унија за периодот 2021-2027 год.;
- Други законски и подзаконски акти на Република Северна Македонија и интерни акти на Министерството за европски прашања.

Доколку во проектната апликација, договор за субвенционирање и/или договорот за партнерство има измени, водечкиот, како и другите партнери треба да осигурат


**Влада на Република Северна Македонија**
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Министерство за европски прашања**
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3200104
www.sep.gov.mk

достапност на контролорите до последната верзија од споменатите документи.

## 4. ГЛАВНИ ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ НА КОНТРОЛОРОТ

Контролорот ќе ги има следните задачи и одговорности:

- Да ја провери испораката на производите и услугите (како што е опишано во одобрената проектна апликација, како референтен документ за одлуката за одобрување на активностите и финансиите; и/или договорот за субвенционирање на проектот кој што ја поставува правната основа за спроведување на проектот;
- Да ја провери финансиската стабилноста на пријавениот трошок;
- Да ја провери усогласеноста на таквиот трошок со програмата, правилата на ЕУ и националните правила преку примена на два главни типа на проверки: административна и проверка на терен.
- Да го потврди трошокот направен од контролираниот проектен партнер;
- Да ја потврди содржината на активностите (доколку е можно, потребно или применливо), како и на финансиите на партнерот;
- Да ги потврди трошоците на партнерот во електронскиот систем за следење на програмата;
- Да ја пополни задолжителната контролна листа за проверка дадена од програмата во електронскиот систем за следење (со специфицирање на типот извршена контрола - административна или контрола на терен);
- Да го пополни и потврди Сертификатот за контрола и извештајот во електронскиот систем за следење на програмата, вклучувајќи ги и презентираните, потврдените и одбиените износи (целосниот документ вклучува формална изјава од контролорот за потврдување на трошоците, контролна листа за проверка и листа на контролирани трошоци);
- Да го потпише (печатира, и скенира доколку е потребно) контролниот извештај и да го испрати до проектниот партнер и до Министерството за европски прашања за вклучување во ревизорската трага на партнерот.

## 5. ПРОФИЛ И КВАЛИФИКАЦИИ

Согласно финансиските спогодби за Интерег ИПА АДРИОН, Интерег Еуро-МЕД, Интерег УРБАКТ IV и Интерег Европа програмите склучени меѓу Министерството за европски прашања и Европската комисија, избраните контролори ќе бидат


Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Министерство за европски прашања
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3200104
www.sep.gov.mk

физички лица.

Согласно чл.46 т.9 од Регулативата (ЕУ) 2021/1059, контролорот кој е физичко лице **задолжително треба да исполнува еден од следните услови за избор**:

- Да биде член на национално сметководствено или ревизорско тело или на институција која е членка на Меѓународната федерација на сметководители (*IFAC*);
- Да биде член на национално сметководствено или ревизорско тело или институција која не е членка на *IFAC*, но обврзувајќи се да ги спроведе проверките за управување во согласност со стандардите и етиката на *IFAC*;
- Да биде регистриран како законски ревизор во јавниот регистар на тело за јавен надзор во земја-членка во согласност со принципите за јавен надзор утврдени во Директивата 2006/43/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот; или
- Да биде регистриран како законски ревизор во јавниот регистар на тело за јавен надзор во трета земја, земја-партнер или прекуморски земји и територии, под услов овој регистар да подлежи на начелата за јавен надзор како што е утврдено во законодавството на засегнатата земја.

Контролорот треба да ги поседува следните **квалификации:**

- Универзитетска диплома (стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС);
- Најмалку 3 (три) години искуство во работа со проекти и/или програми ко-финансирани од ЕУ или други странски донатори;
- Најмалку 2 (две) години специфично работно искуство во финансиска контрола на јавни финансии. Искуство во проектно и финансиско управување на акции финансирани од ЕУ, по можност во области релевантни за ангажманот - грантови шеми спроведување на проекти, управување со проекти, следење на проекти, подготовка на проектни документи и сл,;
- Познавање на ПРАГ, законските регулативите на ЕУ и националните правила поврзани со финансиската контрола од прво ниво, како и на програмите за територијална соработка Интерег ИПА АДРИОН, Интерег Еуро-МЕД, Интерег УРБАКТ IV и Интерег Европа;
- Одлично познавање на англиски јазик, говорен и пишан;


**Влада на Република Северна Македонија**
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Министерство за европски прашања**
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3200104
www.sep.gov.mk

- Компјутерска писменост (користење на дата бази, системи за мониторинг и др.),
- Искуството со или познавање на националното законодавство за јавни набавки ќе се смета за предност.

## 6. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА АНГАЖМАНОТ

Иабраните кандидати ќе бидат дел од листата на контролори на прво ниво на програмите за територијална соработка Интерег ИПА АДРИОН, Интерег Еуро-МЕД, Интерег УРБАКТ IV и Интерег Европа до крајот на тековниот програмски период 2021-2027 год.

## 7. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Комисијата спроведува административна проверка на документацијата на пријавените кандидати, најдоцна во рок од 7 дена по истекот на временскиот период за кој е објавен јавниот повик.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите утврдени во Т.5 Профил и квалификации продолжуваат во следната фаза на евалуација и со нив се спроведува интервју. Максималниот број на бодови кои кандидатот може да ги добие на интервјуто е 15.

Избраните контролори ќе бидат ангажирани во најкус можен рок.

## 8. ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Рокот за поднесување на пријавите е 8 (осум) календарски денови од денот на објавување на огласот. Пријавата треба да ги содржи следните документи:

- Придружно писмо со осврт на бараните квалификации;
- Биографија (CV);
- Доказ за завршено високо образование;
- Доказ за исполнување на условот пропишан во чл. 46 т. 9 од Регулативата (ЕУ) 2021/1059 наведен во Т.5 Профил и квалификации.

Потребните документи може да се доставаат електронски или во печатена форма, со назнака „пријава за национален контролор“.


**Влада на Република Северна Македонија**
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Министерство за европски прашања**
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3200104
www.sep.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА -
- MINISTRIA PËR ÇËSHTJE EVROPIANE-

**Поштенска адреса за доставување во печатена форма:**

Министерство за европски прашања – архива
Кеј Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

**Електронски адреси за доставување во електронска форма (истовремено на трите адреси):**

Zuica.zmejkovska@mep.gov.mk
Anton.Simjanovski@mep.gov.mk
cabinet@mep.gov.mk

Пријавите доставени по крајниот рок нема да бидат разгледувани.

**Orhan Murtezani**
**Министер за европски прашања**
**Ministër për Çështje Evropiane**


**Влада на Република Северна Македонија**
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Министерство за европски прашања**
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3200104
www.sep.gov.mk